**Градоначалник**
**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 03 - 543/2 [redacted]
15.07 2024 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 17-в од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22) , Градоначалникот на општина Неготино донесе

# ОДЛУКА

За поништување на постапката за Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци бр.01/24

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за избор на еден член на Управниот одбор на Заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци бр.01/24 , објавен на ден 27.06.2024 година на веб страната на општина Неготино.

## Образложение

Општина Неготино , врз основа на донесената одлука од Советот на општина Неготино со бр.08-529/9 од 20.06.2024 година за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на Управен одбро на Заедничко јавно претпријатие Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА и условите предвидени за учество на јавниот повик во јавниот повик бр.01/24 година , до крајниот рок за доставување на потребната документација 11.07.2024 година , не се пријави ниту еден кандидат.

Имајќи го предвид горенаведеното , се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Градоначалник,
Горан Стојанов

Изработил : Елизабета Камчева
Одобрил : Марија Нацева